***ООУ ,,МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО" ЛОЗОВО***

Врз основа на чл.129, став (4) и чл.130, став (1) и став (2) од Законот за основно образование (,,Сл.Весник на РСМ" бр.161/19 ), Училишната комисија на ООУ ,,Методи Митевски–Брицо", Лозово на ден 05.7.2022 го изготви следниот

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

## за периодот на учебните 2020/21 и 2021/22 год.

Училишната комисијата на ООУ ,,Методи Митевски – Брицо", Лозово, по извршената самоевалуација за сопствената работа и постигања кои се однесуваат на учебните 2020/21-2021/22 година изготви извештај со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на восипитнообразовната работа кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.

Резултатите од самоевалуацијата на основните училишта се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

За секое подречје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе анкета со учениците, наставниците и родителите. Комисијата во состав од пет члена - педагогот на училиштето, тројца наставници и еден родител, сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни,

за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека вооченитe слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето.На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитнообразовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни, а јаките да се одржуваат. Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:

**1. Наставни планови и програми**

**2. Постигнувања на учениците**

**3. Учење и настава**

**4. Поддршка на учениците**

**5. Училишна клима**

**6. Ресурси**

**7. Управување, раководење и креирање политика**

Врз основа на добиените анализи се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања, слаби страни и приоритетни подрачја.

## *Подрачје 1: Наставни планови и програми*

**Индикатори:**

- ✓ **Реализација на наставните планови и програми**
- ✓ **Квалитет на наставните планови и програми**
- ✓ **Воннаставни активности**

## Јаки страни:

- ✓ Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми предложени од МОН и БРО
- ✓ Поголем дел од наставниците изготвуваат: годишно, тематско-процесно и дневно планирање со сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.
- ✓ Изготвените годишни планирања наставниците ги доставуваат до стручната служба на почетокот на учебната година, а тематските непосредно пред обработка на соодветната тема.
- ✓ Поголем дел од наставниците тековно доставуваат дневни планирања до стручната служба на увид по електронски пат.

*ООУ ,,МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО” ЛОЗОВО*

- ✓ Стручната служба води електронска евиденција за секој наставник, фолдер во кој се содржани планирањата, критериумите за оценување, инструментите од посета на час. Се води професионано досие за секој наставник.
- ✓ Учениците слободно и според своите афинитети, избираат изборен наставен предмет.
- ✓ Учениците учествуваат во натпревари по различни предмети на рзлични нивоа и постигнуваат значајни резултати со што се афимираат лично и придонесуваат за промовирање и афирмација училиштето.
- ✓ Дел од учениците се вклучени во работа на училишни, национални и меѓународни проекти.
- ✓ Поголем дел од наставниците користат современ пристап (форми и методи), нагледни средства и ИКТ во наставата.Повеќето наставници користат Електронски табли-smart табли ,и интерактивни панели.
- ✓ Ученичките изработки се изложени на видни места во училиштето
- ✓ Учениците сметаат дека во училиштето се почитуваат нивните права на одлучување и избор-Училишен парламент.
- ✓ Најголем дел од учениците имаат интерес за вклучување во воннаставни активности како: екскурзии, спортски натпревари, еко-акции, образовни предавања, излети, посети на музеи/театри.(Заради вонредната состојба дел од овие активности не беа во целост спроведени)
- ✓ Дел од наставниците организираат додатна и дополнителна настава согласно потребите на учениците.
- ✓ Училиштето нуди можност за индивидуални средби на наставниците со родители.(Поради Covid состојбата некои од овие средби беа on-line).
- ✓ Родителите редовно добиваат писмени известувања за напредокот на ученикот (евидентни листови и свидетелства)

- ✓ Секој родител има можност на пристап во Е- Дневник, со што добива информации за редовноста и оценките на ученикот.
- ✓ Стручната служба континуирано го следи напредокот на учениците кои покажуваат послаб успех и одржува средби со нивните родители, упатувајќи ги на постапки кон решавање на проблемите.
- ✓ Стручната служба континуирано одржува состаноци со учениците од ученичката заедница, ги слуша нивните размислувања, желби и потреби и им дава насоки за натамошно организирано дејствување.
- ✓ Наставниците се целосно запознаени со протоколите за настава на далечина и со физичко присуство на учениците.
- ✓ Наставниците доследно ги следат препораките на МОН,БРО во врска со настава на далечин

**Слаби страни:**

- ✓ Недоволна меѓусебна интеракција (споделување искуства, добри наставни практики, планирања).
- ✓ Дел од наставниците не изработуваат автентични критериуми за оценување на учениците во согласност со нивните можности.
- ✓ Учениците многу малку користат други извори на учење за проширување и надградување на наставните содржини.
- ✓ Дел од програмите за додатна и дополнителна настава не се изработени согласно вистинските потреби на учениците.
- ✓ Училиштето се соочува со проблем околу стабилен и непречен пристап на интернет, а со тоа се попречува и одвивањето на наставата.

**Препораки за идни активности:**

- ✓ Наставниците да изработуваат планирања согласно можностите и интересот на учениците.
- ✓ Додатна и дополнителна настава да се планира и реализира според вистинските потреби на учениците.
- ✓ Да се користат повеќе, ресурсите што ги нуди училишната библиотека како и нагледните средства кои што ги поседуваат кабинетите:Хемија и биологија, Физика и математика, Географија и историја, Англиски јазик и Информатика и Техничко образование, за проширување и надградување на знаењата и на наставниците и на учениците.
- ✓ Да се практикува изведување на часови во природа.
- ✓ Да се подобри информатичката писменост и кај учениците и кај наставниот кадар (во насока на непречено одвивање на on-line настава).

## *Подрачје 2: Постигнувања на учениците*

**Индикатори:**

- ✓ **Постигнувања на учениците**
- ✓ **Задржување/осипување на учениците**
- ✓ **Повторување на учениците**

**Јаки страни:**

- ✓ Успешно детектирање на ученици кои имаат потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето);
- ✓ Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште;
- ✓ Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.
- ✓ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.
- ✓ Соработка меѓу наставниците при преминувањето на учениците од еден во друг образовен циклус;
- ✓ Наставниците преземаат континуирани активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност;
- ✓ Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците;
- ✓ Училиштето ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста.

**Слаби страни:**

- ✓ Следење и споредбени анализи за постигањата на учениците при премин од еден во друг развоен период од основното образование;
- ✓ Наставниците не се доволно едуцирани за работа со ученици со попреченост и ученици со специфични тешкотии во учењето;
- ✓ Недоволна обученост на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарени ученици;
- ✓ Недоволна стручност на наставниците за работа на ученици со ПОП.

**Препораки за идни активности:**

- ✓ Изработка на споредбени анализи за постигањата на учениците при премин од еден во друг развоен период од основното образование;
- ✓ Дополнителна едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост,  ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со емоционални проблеми);
- ✓ Дополнителна Едукација на стручната служба и наставниците за идентификација и работа со талентирани и надарениученици.

## *Подрачје 3: Учење и настава*

**Индикатори:**

- ✓ **Планирања на наставниците**
- ✓ **Наставен процес**
- ✓ **Искуства на учениците од учењето**
- ✓ **Задоволување на потребите на учениците**
- ✓ **Оценувањето како дел од наставата**
- ✓ **Известување за напредокот на учениците**

**Јаки страни:**

- ✓ Успешно и квалитетно изработена Годишна програма за работа на училиштето;
- ✓ Целосна реализација на Годишната програма за работа на училиштето (полугодишни и годишни извештаи);
- ✓ Квалитетно изработени Годишни планирања на наставниците што се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието;
- ✓ Успешна соработка на наставниците со стручните соработници;
- ✓ Примена на разновидни наставни методи, форми и техники на работа и различни приоди на учење кои се соодветни на потребите на учениците;
- ✓ Работа според приспособени индивидуализирани наставни програми (ИОП) со учениците со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава;
- ✓ Демократски пристап при оценувањето на учениците и секој ученик е навремено известен за сопствениот успех, односно за постигањата по сите наставни предмети;
- ✓ Изработени анализи на постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците;
- ✓ Реализација на Годишна програма за работа на Совет на родители на училиштето;
- ✓ Континуирана соработка со родителите;

**Слаби страни:**

- ✓ Недоволна опременост на училниците и кабинетите со компјутери;

**Препораки за идни активности**

- ✓ Континуирано одржување на постоечката техничка опрема (компјутери, печатачи, ЛЦД проектори) и навремена замена на неисправната и застарена опрема со нова;
- ✓ Поттикнување на сопствен професионален развој на наставниот кадар.
- ✓ Примена на оценување по тежински нивоа во одделенија и предмети каде што може да се реализира.

## *Подрачје 4: Поддршка на учениците*

**Индикатори:**

- ✓ **Севкупна грижа за учениците**
- ✓ **Здравје**
- ✓ **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
- ✓ **Следење на напредокот**

**Јаки страни:**

- ✓ Севкупна грижа се води за сите ученици подеднакво низ ефективни форми и активности за обезбедување благосостојба на сите ученици вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби, иако секогаш има простор за напредување во оваа област;
- ✓ Во училиштето постои механизам за навремено справување со конфликти и секакви форми на насилство;
- ✓ Постои добра соработка со институции (ЈЗУ”Ѓ.Гаврилски” Св. Николе, МВР Свети Николе, ППД Св. Николе, ПЗУ “ Вива мед, Стоматолошка ординација Лозово )
- ✓ Се организираат хуманитарни акции за помош на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства;
- ✓ Училиштето ја поддржува инклузивноста;
- ✓ Училиштето ги идентификува, следи и презема соодветно мерки за поддршка на учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби;
- ✓ Училиштето им пружа информации на учениците во изборот на понатамошно образование;
- ✓ Училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност и поведение. Истата по потреба е достапна за наставници, родители и ученици;
- ✓ Училиштето води евиденција, ги информира учениците и родителите за давање поддршка од страна на стручната служба што истата квалитетно ја извршува;

*ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО” ЛОЗОВО*

**Слаби страни:**

- Застареност и недоволна прилагоденост на инвентарот во училниците во подрачното училиште во с. Милино според возраста и потребите на учениците;
- Недоволна безбедност на скалите пред предниот влез во подрачното училиште во с. Милино;
- Училишните дворови во централното училиште во Лозово и во с. Милино не се доволно безбедни за престој на учениците и вработените поради неограденост;
- Недоволно безбеден пристап на влезот во училишната зграда за време на дожд и снег во п.у во с. Дорфулија.
- Недостасуваат истакнати знаци на видни места во училишната зграда за забрането внесување и консумација на алкохолни, енергетски пијалоци и психотропни супстанции;
- Хигиената во училишните дворови делумно задоволува;
- Во училиштето нема пишани процедури за поддршка на ученици од социјално ранливи семејства;
- Недоволна соработка со локалната и деловната заедница, Ресурсниот центар и Агенцијата за вработување;

**Препораки за идни активности:**

- Обезбедување на нов инвентар во училиниците во с. Милино прилагоден на возраста на учениците и вработените;
- Санирање на скалите пред предниот влез во подрачното училиште во с. Милино;
- Поставување настрешница над влезната врата во училишната зграда во п.у во с. Дорфулија заради побезбеден приод заштитен од сонце, дожд и снег.
- Оградување на училишните дворови во централното училиште во Лозово(од страната на експресниот пат Велес-Штип) и во с. Милино за безбеден престој на учениците и вработените;
- Поставување на знаци на видни места во училишната зграда за забрането внесување и консумација на алкохолни, енергетски пијалоци и психотропни супстанции;
- Подобрување на хигиената во училишните дворови и поставување на повеќе корпи-канти за отпадоци.
- Донесување пишани процедури за обезбедување поддршка за ученици од социјално ранливи семејства;
- Подобрување на соработка со локалната, деловната заедница, Ресурсниот центар и АВРМ;

## *Подрачје 5: Училишна клима*

**Индикатори:**

- ✓ **Училишна клима и односи во училиштето**
- ✓ **Промовирање на постигнувањата**
- ✓ **Еднаквост и правичност**
- ✓ **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

**Јаки страни:**

- ✓ Одлична соработнотка помеѓу учениците и наставниците
- ✓ Еднаков третман помеѓу сите ученици
- ✓ Сите вработени се третираат еднакво
- ✓ Учениците присуствуваат еднакво на сите манифестации
- ✓ Решавање на проблеми заедно родители-наставник-ученик
- ✓ Мотивирана и релаксирана атмосфера за работа.

**Слаби страни:**

- ✓ Недоволна иницијативност на Ученичкиот парламент и останатите ученици во организирањето на разни воннаставни активности.

**Препораки за идни активности:**

- ✓ Поттикнување на Ученичкиот парламент и останатите ученици за преземање на поголема иницијатива за организирање на разни воннаставни активности.

## *Подрачје 6: Ресурси*

**Индикатори:**

- ✓ **Сместување и просторни капацитети**
- ✓ **Наставни средства и материјали**
- ✓ **Обезбедување на потребниот наставен кадар**
- ✓ **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**
- ✓ **Финансиско работење во училиштето**

**Јаки страни:**

- ✓ Училиштето располага со доволен број на лектири и слободна литература;
- ✓ Сите простории се соодветни за изведување на настава;
- ✓ Постојана поддршка од стручните соработници;
- ✓ Училиштето обезбедува професионален и каререн развој согласно можностите и потребите;
- ✓ Училиштето е опремено со современа дигитална технолгија за реализација на квалитетна настава;
- ✓ Располага со опремени кабинети хемија,биологија и физика;
- ✓ Комплетно опремена спортска сала;
- ✓ Училиштето работи на проекти од различни области;
- ✓ Училиштето редовно ги известува вработените за финансиското работење.

**Слаби страни:**

- ✓ Недостаток на квалитетна интернет конекција;

**Препораки за идни активности:**

- ✓ Континуирана набавка на стручна литература и лектирни изданија;
- ✓ Доопремување на кабинетите и училниците со современи нагледни средства, технички помагала, дидактички материјали за реализација на поквалитетна настава;
- ✓ Набавка на клима уреди во училници, библиотека и други простории што се изложени на интензивно сончево осветлување;
- ✓ Реализација на нагледни часови за размена на искуства и добри практики;
- ✓ Материјално обезбедување од соодветни извори (држава, општина, бизнис сектор, проекти, донации) за реализација на обуки
- ✓ Подобрување на инфраструктурата во училниците и училишните дворови
- ✓ Во наредните години етапно да се зголемуваат финансиските средства наменети за наставниците за набавка на потрошни материјали, училишни материјали и наставно – образовани помагала;
- ✓ Поинтензивна соработка со локалната средина и пошироката заедница.
- ✓ Реновирање училница во подрачното училиште во с.Дорфулија.

## *Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика*

**Индикатори:**

- ✓ **Управување и раководење со училиштето**
- ✓ **Цели и креирање на училишната политика**

**Јаки страни:**

- ✓ Доследно спроведување на Законот за основно образование и негова примена во училиштето во сите области и сфери;
- ✓ Добра соработка помеѓу Директорот и Училишниот одбор;
- ✓ Континуирана соработка на Директорот со Советот на родители;
- ✓ Постои конструктивна професионална соработка на раководниот орган со стручните соработници, Наставничкиот совет, Стручните активи и административно-техничкиот персонал;
- ✓ Вклученост на училиштето во проекти од различни области;
- ✓ Успешна реализација на дел од приоритетите планирани во последната Програма за развој на училиштето;

**Слаби страни:**

- ✓ Обезбедување на финансиски средства за обука на наставниците.

**Препораки за идни активности:**

- ✓ Аплицирање во проекти што обезбедуваат обуки на воспитно-образовниот кадар и подобрување на материјално-технички услови во училиштето;
- ✓ Поинтезивна соработка со локалната и деловната заедница;

*ООУ ,,МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО” ЛОЗОВО*

**Извештајот го подготви**

**Комисијата за самоевалуација**:

1. Ивана Цековски – педагог ______________
2. Методија Костов – предметен наставник ______________
3. Благојче Атанасовски – предметен наставник ______________
4. Ѓоко Стојчевски – одделенски наставник ______________
5. Сузана Ангелова – родител ______________

**Јули 2022, Лозово**